# Опасен волунтаризам

## За изложбите "Опасни врски" и "Скопје - Париз" во МСУ

Пишува:
Златко Теодосиевски



Некои институции едноставно не знаат што да прават со времето и просторот што ги имаат и, секако, со парите со кои располагаат. Поточно (и најблаго кажано) - ги трошат залудно! Ова мисла особено се наметна уште со изложбата "Опасни врски" (да не говориме за редица други изложби во МСУ со години наназад!), но остана јавно неелаборирана поради многу причини, меѓу другото и колегијални, но и со надеж дека (повторно) се работи само за несреќно промашување. Сепак, новава изложба "Скопје - Париз" потврдува дека веќе станува збор за "принцип" во серија.

Што е заедничко за овие две изложби? Пред сè, отсуството на аргументиран концепт - или пак, ако истиот постои, тогаш неможност, незнаење, неумешност... тој да се образложи, а потоа и непрофесионалност, некритичност, волунтаризам...

Изложбата "Опасни врски" ќе ве "подучи" што и како кажале Слотердијк, Бенјамин, Липовецки, Олива..., а што и како сакала авторката на "проектот" (Лилјана Неделковска) е "објаснето" буквално во 5-6 реченици, од кои ќе "разберете" дека мотивите за изложбата се "...толку очигледни што за нив воопшто не треба да се зборува...". Или, уште поголема "мудрост": дека за нив "не би било 'корисно' да се зборува...". Па ако е така, зошто воопшто била потребна оваа изложба? За да се премолчат нештата? Добро, некогаш и премолчувањето е "став", ама личен, а не институционален и поддржан со државни пари. Згора на тоа, авторката не сметала за потребно ниту да образложи зошто и како за ова "молчење" се одбрани токму шестте уметници - безмалу сите "галеничиња" на МСУ на сите нивни изложби последниве петнаесет години! И само тие и никој друг?!? А за да се долови уште поуспешно веќе вообичаената за МСУ типична домашно-пријателска атмосфера на овој "проект", од каталогот (инаку дизајнерски одлично сработен) распојасано в лице ви се смеат актерите на "проектот" со чашка ракија пред себе, со подготвување скара, со лежерно "творечко" кикотење... Чиста патологија! И сето ова сосема се вклопува во уште еден циничен "бисер" на авторката: дека оваа изложба треба "да нè потсети дека живееме во едно време на настани без последици"!(??).

На изложбата "Скопје - Париз" ќе видите сè и сешто, само од авторките (Марика Бочварова Плавевска и Захаринка Алексоска Бачева) нема да разберете зошто една ваква изложба, зошто токму денес, дали е битен токму Париз или пак можеби т.н. Париска школа... И тие се преработиле "објаснувајќи" ја изложбата на само една страничка текст, додека главното "образложение" му го препуштиле на еден текст на Борис Петковски од 1994 година! Инвентивно, нема што. А "тезата" е повторно онаа иста што Петковски ја вергла веќе дваесет години, односно дека секој македонски уметник што го "помирисал" Париз се вратил со директни влијанија не само врз неговата туку и врз македонската уметност. Сето ова на самото место го демантира токму изложба барем кај половината застапени уметници, почнувајќи од Лозаноски (чиј престој во Париз 1955 година нема ама баш никаква врска со неговото препознатливо сликарство), па преку Кондовски (кој токму по враќањето од Париз радикално прекинува со некакви тамошни ликовни асоцијации), Ивковиќ, Велков (кој ги развива кубистичко-конструктивистичките решенија три години пред да го види Париз), Мазев... Но затоа ниту текстовите, а уште помалку изложбата нема ни да ги спомне Ефтим Андонов (студирал во Париз веќе 1911), Пенкин (специјализирал три години ѕидно сликарство), Јордан Грабул (чие творештво во 70-тите е директен "производ" на неговиот престој во Париз 1967-68), Томе Серафимовски, Драгутин Аврамовски-Гуте и редица други уметници. Премногу волунтаристички, премногу нестручно и непрофесионално...